арх. бр. 23-3640

1. Дали е реализирана реконструкцијата на водоводната мрежа, одвојувањето на атмосферска од фекална канализација со комплетно асфалтирање на ул. Клинска и дел од ул. Методија Џунов Џикот и во која фаза се наоѓа оваа активност? Доколку не е реализирана кога се планира истата да се реализира и дали со оваа активност се опфаќа ромска заедница?
2. Дали општина Кавадарци има предвидено за реализација активности и проекти за подобрување на состојбата на ромската заедница во Кавадарци? Доколку има ве замолуваме да не' известите за нивното спроведување и колкав е буџетот за спроведување на истите активности?

Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 23-3640/1 од 15.06.2021 година, а врз основа на прибавените информации од Секторот за локален економски развој и Сектор за уредување и располагање со градежно земјиште, Во прилог Ви ги доставуваме следните податоци и тоа:

Реализирани се проектните активности од проектот Реконструкција на водоводна линија, одвојување на атмосферска од фекална канализација со комплет асфалтирање на ул. Клинска и дел од ул. Методија Џунов Цикот, се асфалтираа пристапни улици кои што пред почетокот на проектот беа земјени, и на овој начин се подобрија условите за живот на сите жители од оваа урбана заедница Ќиро Крстев, вклучувајќи го и ромското население. Исто така направена е реконструкција на комуналната инфраструктура, односно водоводната линија која што била поставена е заменета со нов профил, при што азбест цементните цевки кои што се штетни по здравјето на луѓето, се заменети со ПЕ цевки во соодветен профил. Со реконструкција на водоводната линија се решени повеќе проблеми- недостигот на вода за пиење, а со изградба на нова атмосферска канализација се спречени честите поплави, кои предизвикување големи штети. Бенефит од имплементирење на проектот имаат повеќе граѓани, од кои 218 Роми кои што се водат како невработени во Агенцијата за вработување на РСМ, како и ранлива категорија на граѓани и приматели на социјална помош.

Со почит